# И З В Е Ш Т А Ј

За работата на Одборот на директори на
БИМ а.д Свети Николе за период
01.01.2014 – 31.12.2014 година

Свети Николе, март 2015 год.

Одборот на директори на БИМ а.д. Свети Николе во состав Стојанче Стојанов Претседател на одборот, Ѓорѓи Стојанов – Извршен член – Генерален директор, Василка Стоилова – независен член, Владимир Гилев и Драгољуб Николов – неизвршни членови, согласно Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото до акционерите го доставува овој годишен извештај за својата работа во текот на 2014 година. Во рамките на своите надлежности Одборот ги вршеше сите активности поврзани со работата на друштвото освен оние за кој е надлежен повисокиот орган на управувањето а тоа е Собранието на акционери.

Во периодот од 01.0.2014 до 31.12.2014 година, одржани се вкупно 16 состаноци на Одборот на директори, и тоа во согласност со укажаните потреби на друштвото. На истите е запазено учеството на потребниот број на членови за одржување на потрениот кворум за работа и полноправно одлучување.

На состаноците беа разгледувани прашања од редовното работење на друштвото а исто така и прашања од општ интерес на друштвото. Донесени се преку 30 ( триесет ) одлуки.

- РАЗГЛЕДУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ

Во извештајниот период на состаноците на Одборот на директори беа разгледувани и усвојувани следните извештаи:

- Редовни тромесечни извештаи поднесени од страна на Извршниот директор за работата на друштвото како и за финансиската состојба на истото. Сите квартални извештаи беа позитивни и одобрени од Одборот на директори;

- Годишен извештај и завршна сметка на друштвото за 2013година;

- Извештај на овластениот ревизор и неговите заклучоци ;

- Разгледување на извештајот на централната пописна комисија по направениот годишен попис;

- Одлука за свикување на Собрание на акционери.

- РАЗГЛЕДУВАЊЕ И УСВОЈУВАЊЕ НА ПЛАН ЗА РАБОТА

На една од состаноците на Одборот на директори беше разгледуван планот на деловната 2014 година. Предложениот план не е зголемен во однос на претходниот од причина што во отежнати услови на работа не се очекува поголемо зголемување на резултатите. Секоја економска единица има свој план кој треба да го оствари за да ги покрие сопствените трошоци, дел за акумулација а сите да ги покриваат и трошоците на заедничките служби.

- ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ОД ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ
-

И оваа деловна година се донесе одлука за откажување на довор за вработвање од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени) према укажаната потреба. Во моментот тоа преставува зголемување на трошоците поради исплата на отпремнина но и заштеда гледајки долгорочно.